Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната средина во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| Во подолните табели е наведена и образложена компонентата за заштита и унапрдување на животната средина за секој проект за кој е изготвена апликација поединечно |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната средина при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| **ред. број** | **проект / активност** | **компонента на заштита и унапредување на животната средина** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на Детска градинка клон на ЈОУДГ Авионче Петровец со Сензорна соба | Проектот нема негативно влијание врз животната средина. Напротив, ќе се уреди дворот на градинката со што околината ќе добие нов модерен изглед. | Уреден двор и паркинг простор во градежната парцела на градинката и основното училиште во рамките на истата градежна парцела |
| **2.** | Изработка на техничка документација со ревизија и Физибилити студија за изградба на Центар за собирање отпад и Компостара | Проектот нема негативно влијание врз животната средина.Со проектот ќе се подобри инфраструктурата за собирање и постапување со отпад во Скопскиот плански регион што би довело до подобрување на животна средина. | Изработена Физибилити студија и техничка документација за собирен центар и компостара. |
| **3.** | Приказната продолжува | Нема негативен импакт | |
| **4.** | ”Рехабилитација на регионален пат Маџари – Хиподром – Илинден “ | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот е на прво место.<br>Имено, рехабилитацијата на патот ќе овозможи непречен проток на возила. Со тоа ќе се намали емисијата на издувни гасови кои ја испуштаат во воздухот. Големиот број на инциденри кои се случуваат доведуваат до истекување на моторни масла кои дополнително ја загадуваат почвата.<br>Рехабилитацијата на патот ќе биде значаен допринос за зачувивање на чистиот воздух и почва на овој предел, близу до големите градски гужви во сообраќај. Но, неговата рехабилитација, со оглед на фактот што има приклучок на обиколница, ќе придонесе за намалување на градските гужви. | Намален процент на издувни гасови и намалување на загадувањето на воздухот во обласа на рехабилитацијата на регионалниот пат кој ги поврзува општините партнери |
| **5.** | Рехабилитација на ул.Александар Урдаревски (должина 660 метри) - 2 фаза | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот е на прво место. Имено, рехабилитацијата на патот ќе овозможи непречен проток на возила. Со тоа ќе се намали емисијата на издувни гасови кои ја испуштаат во воздухот. Дополнително, големиот број на сообраќајни инциденти кои се случуваат токму на оваа делница, доведуваат до истекување на моторни масла кои дополнително ја загадуваат почвата. Рехабилитацијата на патот ќе биде значаен допринос за зачувување на чистиот воздух и почва на овој предел, близу до големите градски гужви во сообраќај. Но, неговата рехабилитација, со оглед на фактот што има приклучок на обиколница, ќе придонесе за намалување на градските гужви | Намален процент на издувни гасови и намалување на загадувањето на воздухот во обласа на рехабилитацијата на регионалниот пат кој ги поврзува трите општини |
| **6.** | „ Инвестиција во возила за отпад и канти за смет “ | Проектот значајно придонесува кон заштитата на животната средина преку:<br>-Отстранување на 1 голема и 3 мали диви депонии (нема палење на дивите депонии и загадување на животна средина)<br>-Одвоз на комуналниот отпад во организирана официјална депонија – Дрисла, и спречување на распаѓање на комуналниот отпад во природата и со тоа спречување за загадување на човековата | Набавено возило и опрема за собирање на отпад и канти за смет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | околина.Со тоа, а согласно Планот предвиден за Скопскиот Регион во делот на активно управување со загадувањето на амбиенталниот воздух презентиран на https://zivotnasredina.skopje.gov.mk/proekti/skopje-dishe-utopija-ili-realnost/ предвидува и значително намалување на емисиите на загадувачки супстанци предизвикани од загревање на јавни објекти и домови во Скопската котлина како најголем локален загадувач на воздухот и тоа:<br>-PM10 и PM2,5 за 62%;<br>-CO и SOx за 50% и 54%, соодветно;<br>-NOx за 22%<br>Овој предлог проект, комплетно се вклопува во Планот за активно управување со загадувањето на амбиенталниот воздух во Скопскиот Регион. | |
| **7.** | Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта на општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош | При изведба на инфраструктурните работи, предвидено е да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина од страна на ангажираниот економски оператор, а под директна контрола од страна на секторите за урбанизам и животна средина во општината Центар. Изборот на опремата за во лабараториите ќе биде изведен така да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина и тоа во однос на материјалите од кои што се изработени инструментите, алатките и другите помагала во лабораториите се еко-френдли и нема да имаат негативно влијание врз животната средина. | / |
| **8.** | Инвестиција во Фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човекова околина, и смарт табли за едукација на деца | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот во Скопскиот регион е на прво место. Проектот значајно придонесува кон заштитата на животната средина преку:<br>-Употреба на алтернативен извор на обновлива енергија (соларна енергија)<br>-Користење на алтернативната енергија за загревање, климатизација, и за електрични уреди во школите и општините (не користење на дрва, јаглен, нафта, мазут како извор на електрична енергија или извор на загревање). Со тоа, а согласно Планот предвиден за Скопскиот Регион во делот на активно управување со загадувањето на амбиенталниот воздух предвидува и значително намалување на емисиите на загадувачки супстанци предизвикани од загревање на јавни објекти и домови во Скопската котлина како најголем локален загадувач на воздухот и тоа:<br>• PM10 и PM2,5 за 62%;<br>• CO и SOx за 50% и 54%, соодветно;<br>• NOx за 22%<br>Овој проект, комплетно се вклопува во Планот за активно управување со загадувањето на амбиенталниот воздух во Скопскиот Регион. | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9.** | Конзервација и реставрација на калдрма на ул.Папуџиска во Скопска чаршија со поставување на урбана опрема | Проектот нема негативно влијание врз животната средина. | / |
| **10.** | Изградба на ,,Дом на културата" во н.м.Сопиште | Проектот нема негативно влијание врз животната средина. | / |
| **11.** | „Изградба на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост", Општина Гази Баба | При изведба на инфраструктурните работи, предвидено е да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина од страна на ангажираниот економски оператор, а под директна контрола од страна на секторите за урбанизам и животна средина во општината Гази Баба.<br>Од руинирана барака градена во 1963 година ќе добиеме објект кој ќе го оплемени просторот и ќе се добие една функционална целина на просторот.<br>Околината ќе биде дополнително хортикултурно опремена со нови засади на садници, како и клупи, маси и лизгалка, со што ќе се влијае на подобрување на животната околина. | Интегриран Центар во паркова околина и создавање на хортикултурен комплекс односно хортикултурна целина.<br><br>Дел од Извештај и фотографии од Дневниот центар во изградба |
| **12.** | Набавка на протипожано возило за општина Зелениково | Заштитата на животната средина, посебно во услови на пожари или енормни летни жештини при кои настануваат пожари е на прво место.<br>Имено, набавката на противпожарно возило ќе овозможи навремена и брза реакција и борба/гаснење на пожари со кои ќе се заштити животната средина, ќе се заштитат растенијата и шумите итн. | Зачувана животна средина, растенија, животни. Дополнително преку проектот се влијае кон Намалување на времето за реакција на противпожарната единица со подобрените капацитети |
| **13** | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура преку поставување туристичка сигнализација и партерно уредување со улично осветлување на арехолошки локалитет Градиште, с.Таор – Tauresium | Заштитата и зачувувањето на културното наследство ќе се овозможи со ревитализација на археолошкиот локалитет Градиште, преку поставување на туристичката сигнализација, инфраструктура и партерно уредување со улично осветлување. Самото негување и одржување на оваа инвестиција од страна на општината ќе влијае врз подобрувањето на квалитетот на животната средина, која ќе се третира со чистење, кастрење и собирање смет, со што ќе добиеме афирмиран, пристапен, култивиран, негуван, заштитен и чист археолошки локалитет. | Афирмиран, пристапен, култивиран, негуван, заштитен и чист археолошки локалитет. |
| **14** | Изработка на техничка документација за Стар Качанички пат | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот е на прво место. Големиот број на инциденри кои се случуваат доведуваат до истекување на моторни масла кои дополнително ја загадуваат почвата.<br>Имено, изготвувањето на техничката документација ќе биди за целосно зачувување на животната средина, со строго запазување на сите законски стандарди и прописи за ваков тип на проект. | / |
| **15** | Инвестиција во Фотоволтаици, енергетска ефикасност, | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот во Скопскиот регион е на прво место. | Планот предвиден за Скопскиот Регион во делот на активно управување со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | заштита на човекова околина | Проектот значајно придонесува кон заштитата на животната средина преку:<br>-Употреба на алтернативен извор на обновлива енергија (соларна енергија)<br>-Користење на алтернативната енергија за загревање, климатизација, и за електрични уреди во школите и општините (не користење на дрва, јаглен, нафта, мазут како извор на електрична енергија или извор на загревање) . | загадувањето на амбиенталниот воздух презентиран на предвидува и значително намалување на емисиите на загадувачки супстанци предизвикани од загревање на јавни објекти и домови во Скопската котлина како најголем локален загадувач на воздухот и тоа:<br>-PM10 и PM2,5 за 62%;<br>-CO и SOx за 50% и 54%, соодветно;<br>-NOx за 22% |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 6. Придонес кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на дигитализацијата во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| Во подолните табели е наведена и образложена компонентата на дигитализација за секој проект за кој е изготвена апликација поединечно |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на дигитализација при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на дигитализација | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на Детска градинка клон на ЈОУДГ Авионче Петровец со Сензорна соба | Новоизградената градинка ќе биде со површина од 310 квадратни метри.<br>Сензорната соба ќе биде со површина од 43 квадратни метри, со адаптиран тоалет за лица со попречености и одвоен влез од влезот што вообичаено се користи. Услугите во сензорната соба ќе може да ги користат децата од територија на општина Петровец. Работата со децата се изведува преку индивидуален пристап, а дневно ќе може да се опфатат 30тина дечиња. Во собата за сензорна интеграција се предвидува и примена на музикотерапија.<br>Собата ќе се опреми со меки подови и ѕидови, интерактивна туба со вода, топчиња и меурчиња кои плутаат, ротирачка диско-топка, сноп од светлечки оптички влакна, рефлектор, огледални фолии кои го зголемуваат ефектот на целата преостаната опрема, аеросол-ароми за аромотерапија, вибрациона музичка фотеља, подлога во вид на перница, UV-ламба, кружен балансер со масажер и други елементи што треба да ги задоволуваат светските норми и стандарди за квалитет. | Изградена сензорна соба и обезбедени компјутерски идополнителни електронски дидактички алатки за спроведување на научно-едукативната настава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Информатичката технологија го промени начинот на кој луѓето живеат, функционираат и се поврзуваат едни со други. Исто така, значително го промени начинот на кој функционира образовно-едукативниот систем. Широкопојасниот интернет веќе се смета за комунална услуга како што е вода, струја и гас. Токму од тие причини дигиталната компомнента е вклучена во суштината на главните проектни активности кои ги детерминираат и проектните цели и тоа преку:<br>1. Дополнително образование на децата преку он-лајн настава по мајчин јазик, математика и англиски јазик<br>a. Обезбедување на он-лајн платформа за учење од далечина<br>b. Ангажирање на наставен кадар за обезбедување часови за учење од далечина (за секое дете ќе биде обезбеден наставник стручен за мајчин јазик, англиски јазик и математика)<br>c. Развивање на дигитален наставен материјал прилагоден за децата, соодветен на возраста на детето во соработка со Биро за развој на образованието;<br>Сите овие активности ќе се спроведуваат преку таблети и слични дигитални алатки кои пак ќе бидат обезбедени од општина Петровец, исто како и интернет пакетот за целата градинка. | |
| **2.** | Приказната продолжува | Дел од наставата ќе биде од далечина | Голем број на деца кој успешно ја поминале наставата |
| **3.** | „ Инвестиција во возила за отпад и канти за смет “ | Воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во трите општини,партнери во проектот со набавка на современа опрема и најсовремено возило со дигитални алатки и соодветен механизам за мерење на отпад | Набавено возило и современа опрема за собирање на смет |
| **4.** | Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта на општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош Инвестиција во Фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човекова околина, и смарт табли за едукација на деца | Со основање на центарот сите училишта од подрачјето на овие општини ќе имаат пристап до технолошки напредни и модернио опремени лаборатории за усовршување на нивните ученици. | Набавена опрема. |
| **5.** | Инвестиција во Фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човекова околина, и смарт табли за едукација на деца | Постои техничката иновативност која е превземена од иницијалните производители на соларни/фотоволтаични панели и смарт табли, и ќе се користи од страна на Партнер Општините во делот на производство на електрична енергија од | Набавени смарт табли. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | обновливи извори на енергија и напредно образование на деца. | |
| **6.** | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура преку поставување туристичка сигнализација и партерно уредување со улично осветлување на арехолошки локалитет Градиште, с.Таор – Tauresium | Он лајн информации на социјалните мрежи за активностите, програмите и работното време за посета на археолошкиот локалитет. Он лајн поддршка за водич, како и продажба на билети за посета. Воглавно, дигитализацијата ќе служи за комуникација со општината и надлежните за управувањето со локалитетот. | Видливост, транспарентност и квалитетни и достапни информации за локалитетот. |
| **7.** | Изработка на техничка документација за Стар Качанички пат | / | / |
| **8.** | Инвестиција во Фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човекова околина | Постои техничката иновативност која е превземена од иницијалните производители на соларни/фотоволтаични панели и ќе се користи од страна на Партнер Општините во делот на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. | Набавена опрема |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 7. Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на планскиот регион

(Во овој дел се дава наративно резиме на Извештајот за финансиското работење, со презентирање на клучните финансиски показатели, во обем од најмногу половина страница.)

Центарот за развој на Скопски Плански Регион, ул.Димитрие Чуповски бр.13, претставувано од директорот Јане Мицевски, 2023 година ја заврши со остварен вишок на приходите во износ од 6.524.053,00 ден.

**Вкупните приходи** на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2023 година изнесуваат 47.016.808,00 денари и тоа

**1.Пренесен вишок на приходите од предходна годинна (31,12,2022) во износ од 13.019.714,00 ден**
**2.Приходи од општините за тековно работење на Центарот во износ 2.126.693,00 денари**
**3.Приходи од Министерство за локална самоупраа за тековно работење на Центарот во износ 1.200.000,00 ден**
**4.Приходи од БРР за проекти во износ -15.502.070,00 ден**
-Проект-Мапирање на патека во село Кучково – 1.975.753,00 ден
-Проект-Отворање на центар за работа со талентирани ученици-6.163.907,00 ден
-Проект-Рехабилитација на пат Маџари,Хиподром Илинден-7.632.410,00 ден.

**5.Приходи од општините за кофинансирање на проекти износ -11.922.990,00** ден

-Општина Арачиново за Проект-Изработка на техничка документација за водоснабдување -67.380,00 ден.

-Општина Зелениково за Проект- Набавка на противпожарно возило -1.188.737,00 ден
-Општина Газибаба за Проект- Изградба на дневен центар 6.200.000,00 ден
-Општина Сопиште за Проект-Отварање на културен дом Сопиште 650.396,00 ден
-Општина Ѓорче Петров за Проект-Мапирање на патека во село Кучково 484.099,00 ден
-Општина Илинден за Проект-Рехабилитација на пат Маџари, Хиподром Илинден 1.673.445,00 ден
-Општина Бутел за Проект-Реконструкција на дел од улицата Александар Урдаревски 1.058.933,00 ден
-Општина Кисела Вода за Проект-Отворање на центар за работа со талентирани ученици 200.000,00 ден
-Општина Центар за Проект-Отворање на центар за работа со талентирани ученици 200.000,00 ден
-Општина Карпош за Проект-Отворање на центар за работа со талентирани ученици 200.000,00 ден

**6.Приходи од Агенција за финансиска подршка -400.000,00 ден**
**за Проект Изградба на културен дом во Сопиште**

**Вкупните расходи** на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2023 година изнесуваат 40.492.755,00 денари и тоа

**1.Бруто плати и надоместоци во вкупен износ -5.020.958,00 ден**
**2.Кумунални услуги , греење, комуникација , транспорт -175.043,00 ден**
**3.Материјали и ситен инвентар -79.891,00 ден**
**4.Поправки и тековно одржување -102.963,00 ден**
**5.Договорни услуги -1.354.654,00 ден**
**-Изнајмување на канцелариски простор -740.779,00 ден**
**-Банкарска провизија -1.500,00 ден**
**-Судски и правни услуги -243.594,00**
**-Нотарски трошоци -300,00 ден**
**-Преедувачи-5.664,00 ден**
**-Други договорни услуги 362.817,00 ден**
-Договор за сметководствени услуги со Нидра Консалтинг Плус-145.239,00 ден
-Договор со Агенција за авторски и сродни права Еуро-Левел за ангажман на лице Оливер Алексовски за софтверски услуги -30.690,00 ден и договор со Мартин Андонов -105.708,00 ден
-Договор со КЈУБ Системи за одржување на мрежи -70.800,00 ден
- Договор со Авторска Агенција Застапник -10.380,00 ден.

**7.Други тековни расходи -248.335,00 ден**

**8.Капитални расходи за реализација на проекти -33.510.911,00 ден**
-Проект-Отворање на дневен центар за работа со талентирани ученици -2.970.872,00 ден
-Проект-Подршка на образовниот процес -2.710.689,00 ден
-Проект – Мапирање на патека во село Кучково - 575.779,00 ден
-Проект-Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревки-659.205,00 ден
-Проект-Изградба на дневен центар -6.340.007,00 ден
-Проект-Изработка на техничка документација за водоснабдување во с.Арачиново 505.353,00 ден
-Проект-Изградба на културен дом во Сопиште -3.895.548,00 ден
-Проект -Набавка на противпожарно возило – 7.161.066,00 ден
-Проект-Рехабилитација на пат Маџари, Хиподром ,Илинден 8.642.392,00 ден
-Проект -СПР Инклузивен развој фаза 2- 50.000,00 ден позајмица.

**-Центарот за разој на Скопски Плански Регион 2023 година ја заврши со Вкупни побарувања од 85.367.034,00 ден и тоа**
1.Побарување од општинте за тековно работење -3.716.570,00 ден
2.Побарување од општините за проекти –10.820.337,00 ден.
-Општина Арачиново -906.223,00 ден
-Општина Сопиште -44.848,00 ден
-Општина Карпош -191.280.00 ден
-Општина Зелениково -3.962.774,00 ден
-Општина Кисела Вода -185.895,00 ден
-Општина Илинден-675.282,00 ден
-Општина Петровец-4.475.361,00 ден
-Општина Чаир-1.809.391,00 ден
-Општина Бутел-222.363,00 ден
-Општина Ѓорче Петров-135.532,00 ден
-Општина Центар-131.675,00 ден
-Општина Гази Баба-208.879,00 ден
-Општина Аеродром -233.205,00 ден
-Општина Сарај-858.765,00 ден
-Општина Шуто Оризари -143.230,00 ден
-Општина Студеничани-324.600,00 ден
-Општина Чучер Сандево -27.600,00 ден
3.Побарување од БРР за проекти -50.071.439,00 ден
4.Побарување од Агенцијата за финансиска подршка за проекти -19.179.182,00 ден
5.Министерство за локална самоуправа-1.579.506,00 ден

**Вкупните обврски на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2023 година изнесуваат 91.316,00 ден**

1.Тековни обврски по фактури за работење на Центарот -91.316,00 ден
Останатите обврски се однесуваат за плата за вработени за месец 12/2023 година во износ од 504.872,00 ден (веќе реализирано плаќање во 2024 година -03,01,2023)

Средства останати во благајна -5.324,00 ден
**Во склопот на Центарот за развој на Скопски плански регион во 2023 година се работеа три проекти**

**1.Проект -Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 2 фаза ,**
**Вкупните приходи на проектот изнесуваат : 6.152.215,00 денари и тоа :**
Пренесен вишок од претходна 2022 година ( 31.12.2022 ) во износ од : 164.830,00 денари
Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект ФИТР во износ од : 100.000,00 денари ,
Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект Приказната продолжува објект с.Кучково во износ од: 5.644.799,00 денари ,
Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект Бизнис центар повеќе активности во износ од: 30.000,00 денари ,
Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект Регионални форуми на заедницата во износ од: 156.710,00 денари ,
Приходи од Центар за развој на Скопски Плански Регион – програма во износ од 5.876,00 денари ,
Приходи од краткорочни позајмици од Центар за развој на Скопски Плански Регион за потребите на проектот во износ од 50.000,00 денари .
**Вкупните расходи на проектот изнесуваат : 5.499.260,00 денари и тоа :**
**Договорни услуги во износ од 368.016,00 и тоа :**

- ✓ Изнајмување на друг простор - Проект регионални форуми во износ од : 17.000,00 денари ,
- ✓ Други договорни услуги проект Бизнис центар повеќе активности во износ од 60.000,00 денари ,
- ✓ Други договорни услуги за проект Регионални форуми на заедницата во износ од : 54.000,00 денари ,
- ✓ Други договорни услуги во износ од : 16,00 денари ,
- ✓ Други договорни услуги за проект ФИТР во износ од : 237.000,00 денари .

**Други тековни расходи во износ од 63.200,00 денари и тоа :**

- ✓ Семинари и конференции проект регионални форуми во износ од 59.000,00 денари ,
- ✓ Други оперативни расходи во износ од 4.200,00 денари .

**Комунални услуги , греење , комуникација , транспорт во износ од 3.475,00 денари**
**Канцелариски материјали во износ од 27.426,00 денари**
**Капитални расходи за реализација на проект Приказната продолжува објект с.Кучково во износ од 5.037.143,00 денари**

**Пренесениот вишок за наредната 2024 година изнесува 652.955,00 денари .**

**Вкупните обврски на проектот – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 2 фаза за 2023 година изнесуваат : 53.656,00 денари**
Обврски по фактури - **Други тековни расходи во износ од 50.000,00 денари и тоа**
✓ Стопанска Комора на РСМ во **износ од 50.000,00 денари**
Обврски по фактури - **Комунални услуги , греење , комуникација , транспорт во износ од 3.656,00 денари**
✓ **Глобал Трип Доо во износ од 3.656,00 денари**
**Вкупните побарувања на проектот – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 2 фаза за 2023 година изнесуваат : 16.791.552,00 денари :**
✓ **Побарување од општина Ѓорче Петров за проект во износ од 2.620.353 денари ,**
✓ **Побарување од Министерство за локална самоуправа за проект во износ од 4.736.199 денари ,**
✓ **Побарување од Швајцарска агенција за развој и соработка за проект во износ од 9.435.000 денари .**

**2.Проект – Можност за тебе. Отворен во 2023 година.**

**Вкупните приходи на проектот изнесуваат : 981.044,00 денари и тоа :**
Приходи од Центар за управување со знаење за проект во износ од : 981.044,00 денари .

**Вкупните расходи на проектот изнесуваат : 195.583,00 денари и тоа :**
**Договорни услуги во износ од 43.183,00 денари и тоа :**
✓ Преведувачи : 43.183,00 денари
**Капитални расходи за купување на опрема за потребите на проектот во износ од 152.400,00 денари**

**Пренесениот вишок за наредната 2024 година изнесува 785.461,00 денари .**

**Вкупните побарувања на проектот – Можност за тебе за 2023 година изнесуваат : 183.320,00 денари.**
- ✓ **Останати побарувања од вработени за плати : 183.320,00 денари**

**Вкупните обврски на проектот – Можност за тебе за 2023 година изнесуваат : 183.320,00 денари.**
- ✓ **Останати обврски за надоместоци на трошоци за вработени за плати : 183.320,00 денари**

**3.Проект – Изработка на техничка документација и физибилити студија за изработка на центар за собирање на отпад и копостара . Отворен во 2023 година.**

**Вкупните приходи на проектот изнесуваат : 618.524,00 денари и тоа :**
Приходи од Општини за тековно работење на проектот во износ од : 618.524,00 денари .
- ✓ Општина Центар – 259.262,00 денари
- ✓ Општина Гази Баба – 359.262,00 денари

**Вкупните расходи на проектот изнесуваат : 0,00 денари**

**Пренесениот вишок за наредната 2024 година изнесува 618.524,00 денари .**

**Вкупните побарувања на проектот – Изработка на техничка документација и физибилити студија за изработка на центар за собирање на отпад и копостара за 2023 година изнесуваат : 5.015.382,00 денари.**
- ✓ **Побарување од општина Центар за потребите на проектот од 359.262,00 денари**
- ✓ **Побарување од ООН УНДП за потребите на проектот од 4.656.120,00 денари**

(Целосниот Извештај за финансиското работење, кој претставува составен дел од Годишниот извештај, согласно член 32 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој, се приложува како Анекс на крајот на овој Годишен извештај.)

## 8. Организација и раководење

(Овој дел содржи кус приказ на организациската структура и на расположивите човечки ресурси на Центарот за развој на планскиот регион. Потребно е да се наведе вкупниот број на ангажиран персонал во текот на извештајната година, структурата на ангажираниот персонал, квалификациите, и типот на работниот ангажман (договор на неопределено време, договор на определено време, договорен ангажман врзан за реализација на одреден проект).

Во овој дел се дава и кус приказ на реализираните генерички и специјализирани обуки на персоналот на Центарот.

Во овој дел се адресираат и ограничувањата кои произлегуваат од финансиските, кадровските и другите ресурси, а кои влијаат врз реализацијата на Програмата. Тука треба да се илустрира евентуалната потреба од дополнителни ресурси во функција на реализација на Програмата.

Исто така, во овој дел се дава и кус синтетизиран приказ на работата на Советот за развој на планскиот регион преку бројот и главните содржини на одржаните седници, како и на други неформални облици на активности.)

Центарот за развој на Скопски плански регион брои 7 (седум) вработени лица со договор на неопределено работно време, 1(еден) вработено лице со договор на определно работно време - Директор и 1(еден) ангажиран со договор и тоа:
- Директор на Центарот за развој на Скопски плански регион
- еден Раководител на одделение за општи и административни работи, финансии, јавни набавки и други помошно-рехнички работи
- еден Раководител на одделение за рамномерен регионален развој и меѓуопштинска соработка
- четворица вработени на позиција Координатор за рамномерен регионален развој и меѓуопштинска соработка
- еден Координатор за одржлив развој и поддршка на приватен сектор
- еден ангажиран по договор на позиција Советник за административно-технички работи

Во јануари 2023 година има промена на систематизација како и организација на вработените.
Во јуни 2023 година в.д.Директор Розета Арсовска се враќа на работно место кое било во мирување, се избира нов Директор Јане Мицевски за што неговот работно место е во мирување.

Вработените/ангажираните во центарот ги имаат следните квалификации:
Дипломски студии (инжињер агроном) и посдипломски студии економски науки, Јане Мицевски
Дипломски и посдипломски студии по економски науки, Ирина Тростјанска
Дипломски и посдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси, Викторија Митрикеска
Дипломски студии- зејмоделски инженер-градинарство и цвеќарство, Мартин Стојановски
Дипломски студии – Филолошки факултет дипломиран преведувач, Озан Адемовски
Дипломски студии – инжинер- хорт и култура, Розета Арсовска
Дипломски студии по правни науки, Даниела Андоновска
Дипломски студии по општа и компаративна книжевност, Регина Икономовска
Дипломски студии по економија, Мартин Андонов
Квалификациите на вработените се со стекнато високо образование и дел магистерски студии.

**Центарот за развој на Скопски плански регион ги врши следните работи:**

- Изготвува предлог - Програма за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-Акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион, за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог-проекти за финансирање на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;
- Ги доставува предлог проектите за регионалниот развој врз основа н утврдената листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Скопски плански регион, во законски определен рок;
- Координира активности поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен Извештај за спроведување на програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош на општините, општините во градот Скопје, и Градот Скопје во подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги на здруженија на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Поттикнува меѓу-општинската соработка во рамките на планскиот развој;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европска унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен Извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Скопски плански регион и Советите на општините во состав на скопскиот плански регион и Градот Скопје
- Врши стручни и административно-технички работи за потребите на советот за развој на Скопски плански регион.
- Рализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции.

**Советот за развој на Скопскиот плански регион го сочинуваат градоначалниците на единиците на локалната самоуправа во состав на Скопскиот регион и Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа и по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата, и ги врши следните функции:**

- Ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- Донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој;
- Донесува годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Утврдува годишна листа на предлог-проекти за равој на планскиот регион;

- Доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамки на планскиот регион, согласно со критериумите од членот 8 на овој закон;
- Обезбедува координација на активностите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, здруженијата, државните органи и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- Иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје и партнерите од приватниот и граѓанскиот сектор;
- Ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси;
- Усвојува Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Планскиот регион, најдоцна до 31 март и Извештајт за финансиско работење на Центарот (како и сметките на проектите на Центарот) и истиот го доставува до МЛС и советите на општините во планскиот регион;
- Го разгледува и усвојува годишниот Извештај за работа на Центарот за развој на Скопски плански регион;
- Усвојува финансиски годишен план на Центарот за развој на Скопски плански регион
- Дава мислење по предлог – Правилник за систематицација на работните места во стручната служба на Центарот за развој на Скопски плански регион, измените и дополнувањата;
- Донесува одлука за внатрешна организација на Центар за развој на Скопски плански регион;
- Распишува јавен оглас за Директор на Центарот за развој на Скопски плански регион во рок од 60 дена од денот пред истекување на мандатот на Директорот на Центарот или веднаш по именување вршител на должноста на директор, согласно ЗРРР;
- По пат на јавен оглас избира Директор на Центарот, со дветретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови;
- Го разрешува Директорот на Центарот за развој на Скопски плански регион и пред истек на мандат во случаеви утврдени во ЗРРР;
- Во случај да не е избран Директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, именува вршител на должност Директор на Центарот се до избор на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените на Центарот, а најдолго 6 месеци;
- Распишува јавен повик за избор на член претставник од здруженија во рок од 30 дена, од денот на конституирањето на Советот согласно закон и врши разрешување на членот претставник на здруженијата по предлог на претседателот;
- Претседателот на Советот во рок од 30 дена од конституирање на Советот за развој на Скопски плански регион доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на претставник од бизнис заедницата;
- Го определува бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати;
- Врши други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон и други работи поврзани со активностите и функционирањето на Центар за развој на планскиот регион и Советот.

Во 2023 година одржани се вкупно 7 седници на Совет за развој на Скопски плански регион.

## 9. Предлози и сугестии до клучните чинители на политиката на рамномерен регионален развој

(Во овој дел се презентираат конкретни предлози и сугестии за подобрување и унапредување на реализацијата на Програмата за регионален развој. Предлозите и сугестиите произлегуваат од искуствата на Центрите во подготовката на апликациите и апликациските критериуми, реализацијата на проектните активности и евалуацијата на проектите и се однесуваат на подобрување и унапредување на работата во дадените процеси. Пополнувањето на сите долу наведени полиња е задолжително.)

Предлози и сугестии до Советот за рамномерен регионален развој

| |
|---|
| Целосна вклученост на Центрите во донесувањето на одлуките за ефикасност во реализација на проектите |

Предлози и сугестии до Министерството за локална самоуправа

| |
|---|
| Рамномерно распоредување на средствата на Центрите соодветно на реалната нивна состојба. |

Предлози и сугестии до Бирото за регионален развој

| |
|---|
| Одржување на добрата комуникација и соработка. |

Предлози и сугестии до линиските министерства во однос на реализацијата на одделните ресорни Програми

| |
|---|
| Подобар и полесен пристап до информациите потребни за аплицирање во соодветните програи и повици од институциите.<br><br>Пристап на центрите во аплицирање на проекти до линиските министерства со вклучен буџет за менаџирање. |

Предлози и сугестии до Советите на Општините од планскиот регион

| |
|---|
| Флексибилна и ажурна комуникација во донесување на одлука со цел подобрување на рамномерниот развој. |

Покрај претходно наведеното, наративниот дел може да содржи и дополнителни податоци за кои изготвувачот ќе најде дека е целисходно да бидат презентирани.

## II. ТАБЕЛАРЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Табеларниот дел на Годишниот извештај задолжително ги содржи следниве табеларни прикази:

**A. Табеларен приказ на реализацијата на проектите и активностите во функција на реализација на Програмата за развој на планскиот регион, каде носител е Центарот за развој на планскиот регион.**

(Тука влегуваат сите проекти, независно од изворите на финансирање и програмите, каде носител е Центарот за развој на планскиот регион: од Програмата за регионален развој на МЛС и БРР; од буџетите на Општините од регионот; Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој на МЗШВ; Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој на АФПЗРР; Програмата на АППРСМ; Програмите на ЕУ; Програмите за прекугранична соработка со соседните држави; Програмите од меѓународните извори на финансирање.)

**B. Табеларен приказ за реализацијата на сите проекти во извештајната година во функција на реализација на Програмата за развој на планскиот регион.**

(Тука влегуваат сите проекти за јавни инвестиции во регионот, било да се буџетски или вонбуџетски, односно, покрај проектите на линиските министерства и на општините, тука се и проектите на јавните претпријатија, фондовите и акционерските друштва со доминантна државна сопственост. Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од непосреден увид и контакти со наведените чинители, како и од Електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.)

**C. Табеларен приказ за реализацијата на сите приватни инвестиции во планскиот регион во извештајната година.**

(Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од непосреден увид и контакти со деловната заедница од планскиот регион, од регионалните стопански комори, како и од активностите на сопствените Бизнис центри.)

**D. Табеларен приказ на бројот и содржината на реализирани активности за обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион во извештајната година.**

(Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од своето непосредно управување со проектите каде се тие носители во реализација на Програмата за развој на планскиот регион.)

Покрај претходно наведеното, табеларниот дел може да содржи и дополнителни табеларни прикази за кои изготвувачот ќе најде дека е целисходно да бидат презентирани.

Наведените табеларни прикази треба да бидат презентирани на следниов начин:

## А. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН 2021-2026 ГОДИНА, КАДЕ НОСИТЕЛ Е ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

(Табелата се прилагодува согласно бројот на дефинираните стратегиски цели, бројот на дефинираните приоритети во рамките на секоја од стратегиските цели, бројот на дефинираните мерки во рамките на секој од дефинираните приоритети и бројот на проектни активности во рамките на секоја од дефинираните мерки, согласно утврденото во Програмата за развој на планскиот регион 2021-2026 година)

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ КАДЕ НОСИТЕЛ Е ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН** | | | | | | | | | |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1** Подобрена атрактивност и конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура | | | | | | | | | |
| **МЕРКА** | | **ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ** | **ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ** | **ПРОГРАМА** | **ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)** | **РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА** | **ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА** | **КОРИСНИК** | **ИНДИКАТОР/И** |
| **Приоритет 1.1** Зголемување на соработката помеѓу домашни и странски фирми | | | | | | | | | |
| **1.1.1** | | | | | | | | | |
